И7358

1423.14.

ДНЕВНИК, СРЕДА, 6 ДЕКЕМВРИ 2000

ИНИЦИЈАТИВА

# Враќање дела од македонски автори позајмени на Црна Гора

Музејот на современата уметност преговора со Центарот за современи уметности во Подгорица, Црна Гора, за враќање на делата од пет македонски автори што дванаесет години се таму. Во Центарот (поранешен Музеј на неврзаните земји) се наоѓаат дела од пет македонски уметници: Родољуб Анастасов, Петар Мазев, Димитар Малиданов, две графики од Душан Перчинков и една скулптура од Стефан Маневски.

Проблемот за враќање на делата треба да се реши меѓу двете институции бидејќи делата се дадени на реверс, односно тие му се само позајмени на Центарот за современи уметности во Подгорица, сметаат во Музејот на современата уметност. За реверсот постојат документи, со што позајмувањето е правно регулирано.

Одговорните лица од Музејот на современата уметност испратија писмо во кое се бара делата од македонските уметници да бидат вратени во Музејот.

Делата од петтемина македонски уметници во 1988 година му се дадени на реверс на Музејот на неврзаните во Подгорица, поради прославата на јубилејот од неговото формирање. Потпишан е договор според кој делата до 1991 година треба да бидат изложени во Музејот, а потоа да бидат вратени во Македонија. По распадот на Југославија, иницијатива за враќање на делата покрената е дури во 1996 година, но до денеска не е реализирана. (О.П.)